ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 365 став 1 од Законот за трговските друштва, член 40 став 1 алинеја 10 и член 50 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 29.3.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за утврдување на висината на надоместокот за учество во работата на членовите на Надзорниот одбор и Одборот на ревизија**

**Член 1**

На членовите на Надзорниот одбор на Банката им се определува нето-фиксен надоместок како награда за ангажирање и учество во работата на седниците на одборот и тоа :

- 60.000 денари месечно за претседателот на Надзорниот одбор на Банката и
- 45.000 денари месечно на останатите членови на Надзорниот одбор на Банката

**Член 2**

На членовите на Одборот за ревизија им се определува нето-фиксен надоместок како награда за ангажирање и учество во работата на седниците на одборот и тоа:

- 18.000 денари на претседателот на Одборот за ревизија од присуство на седница и
- 15.000 денари за останатите членовите на Одборот за ревизија од присуство на седница.

**Член 3**

На членовите на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на Банката не им се исплаќа дополнителен надомест за одлучување без одржување седница преку давање писмена согласност за одлуките кои што се донесуваат.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на ТТК Банка**
**Претседавач,**

_____________________________

**Образложение**
**кон Предлог - одлуката за утврдување на висината на надоместокот за учество во работата на членовите на Надзорниот одбор и Одборот на ревизија**

Во согласност со одредбите од Статутот на ТТК Банка Надзорниот одбор на Банката и Одборот за ревизија како органи на Банката работат и одлучуваат на седници кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш квартално. Седниците може да се организираат и со користење конференциска, телефонска врска или со користење друга аудио или визуелна комуникациска опрема така што сите лица што учествуваат на состанокот организиран на тој начин да можат да се слушаат, да се гледаат и меѓусебно да разговараат. Членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија можат да одлучуваат и без одржување седница, и тоа преку давање писмена согласност за одлуките што се донесуваат.

Во согласност со член 50 од Статутот на Банката, членовите на Надзорниот одбор имаат право на фиксен надоместок како награда за ангажирање и учество во работата на седниците којшто е утврден со посебна одлука на Собранието на акционери. Во согласност со член 40 став 1 алинеја 10 од Статутот, Собранието може да одлучува и за други прашања од значење за работењето на Банката предвидени со Статутот, и другите законски и подзаконски акти.

Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје го сочинуваат седум члена избрани во постапка и според услови предвидени со закон, додека Одборот за ревизија го сочинуваат 5 члена кои ги именува Надзорниот одбор на Банката со тоа што мнозинството членови се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор, а другите се независни членови.

Со оваа одлука, на членовите на Надзорниот одбор им се определува нето-фиксен надоместок како награда за ангажирање и учество во работата на седниците на одборот на месечна основа и тоа 60.000 денари за претседателот на Надзорниот одбор на Банката и 45.000 денари на останатите членови на Надзорниот одбор на Банката, додека на членовите на Одборот за ревизија им се определува нето-фиксен надоместок како награда за ангажирање и учество во работата на седниците на одборот и тоа 18.000 денари на претседателот на Одборот за ревизија од присуство на седница и 15.000 денари за останатите членовите на Одборот за ревизија од присуство на седница.

На членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на Банката не им се исплаќа дополнителен надоместок за одлучување без одржување седница, преку давање писмена согласност за одлуките што се донесуваат.